ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Артропластика на колк и колено во Македонија 2023-2025

Аналитички извештај

Јуни 2026

1. ВОВЕД

Замената на зглобовите (артропластиката) на колкот и коленото претставува една од најефикасните ортопедски интервенции за лекување на тешките дегенеративни заболувања – пред сè остеоартрозата и последиците од трауматски фрактури. Оваа процедура обезбедува значително подобрување на квалитетот на живот и враќање на функционалната подвижност кај постарата популација.

Во извештајот интервенциите се класифицирани во четири DRG категории:

- Примарна ендопротеза (I03C) – елективна замена на колк без компликации;
- Ревизија/Сложени (I03A+B) – ревизии и случаи со компликации; постара популација, подолг болнички престој
- Трауматски/Остаток (I08A+B) – процедури на колк и фемур поврзани со фрактури; значаен удел ургентна хирургија
- Ендопротеза на колено (I04Z) – тотална замена на коленото

Изворни податоци: ФЗО – извештај по DRG групи по ЈЗУ за 2023–2025 година и теренски информации за протезни залихи и листи на чекање (мај 2026). Анализата вклучува исклучиво интервенции на сметка на ФЗО и не ги вклучува изведените во приватни здравствени установи.

2. ВКУПЕН ПРЕГЛЕД НА ИНТЕРВЕНЦИИ (2023–2025)

Категорија	2025	2024	2023	±% 23→25	Денови 2025	Просечна возраст 2025
Примарна ендопротеза (I03C)	**1231**	1237	1045	**+17.8%**	12832	68.3
Ревизија/Сложени (I03A+B)	**704**	622	706	**-0.3%**	6087	67.1
Трауматски/Остаток (I08A+B)	**1434**	1351	1394	**+2.9%**	18895	71.3
Ендопротеза колено (I04Z)	**675**	655	534	**+26.4%**	6235	66.7
ВКУПНО	**4044**	**3865**	**3679**	**9.9%**	**44049**	**68.9**

- Вкупен пораст: 3.679 (2023) → 4.044 (2025), зголемување за +9,9%.
- Примарна ендопротеза I03C: 1.045 (2023) → 1.231 (2025) (+17,8%) – стабилен раст на елективната хирургија.
- Ендопротеза на колено I04Z: 534 (2023) → 675 (2025) (+26,4%) – значителен раст, но сè уште под регионалниот просек.
- Трауматски I08A+B: 1.434 случаи во 2025, со тенденција на раст поврзана со стареење на населението.

3. ИНТЕРВЕНЦИИ ПО ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА (2023–2025)

Табелата подолу ги прикажува вкупните хоспитализации по установа за сите DRG категории. Детален преглед по категорија е даден во Прилог 1.

Здравствена установа	2025	2024	2023	Промена 23→25
УК ТОАРИЛУЦ	**1222**	1178	1172	**+4%**
ГОБ 8ми Септември	**813**	844	761	**+7%**
СБ Св.Еразмо Охрид	**743**	602	530	**+40%**
УК Хир.бол. Св.Наум	**259**	294	228	**+14%**
КБ Штип	**291**	234	323	**-10%**
КБ Битола	**146**	117	114	**+28%**
КБ Тетово	**29**	78	98	**-70%**
ОБ Велес	**141**	148	149	**-5%**
ОБ Струмица	**78**	86	98	**-20%**
ОБ Куманово	**73**	58	37	**+97%**
ОБ Прилеп	**192**	193	140	**+37%**
ОБ Кавадарци	**26**	–	–	н/п
ОБ Гостивар	**3**	–	–	н/п
УК Детска хир.	**28**	33	29	**-3%**
ВКУПНО	**4044**	**3865**	**3679**	**10%**

- Три установи (УК ТОАРИЛУЦ, ГОБ 8ми Септември, СБ Св. Еразмо) реализираат ~69% од сите интервенции.
- КБ Тетово бележи значителен пад: 98 (2023) → 29 (2025).
- СБ Св. Еразмо (+40%), КБ Битола (+28%) и ОБ Прилеп (+37%) покажуваат најизразен пораст во периодот.

4. БОЛНИЧКИ ДЕНОВИ И ПРОСЕЧЕН БОЛНИЧКИ ПРЕСТОЈ (2025 наспроти 2023)

Табелата ги прикажува вкупните болнички денови, просечниот болнички престој и просечната возраст на пациентите по установа за 2025 година, со споредба со 2023.

Здравствена установа	Вкупно денови 2025	Просечен престој 2025 (денови)	Просечна возраст 2025 (год.)	Вкупно денови 2023	Просечен престој 2023 (денови)
УК ТОАРИЛУЦ	**17734**	14.5	67.0	12281	10.5
ГОБ 8ми Септември	**6298**	7.7	68.0	5798	7.6
СБ Св.Еразмо Охрид	**8952**	12.0	66.9	7626	14.4
УК Хир.бол. Св.Наум	**1872**	7.2	72.4	1954	8.6
КБ Штип	**2926**	10.1	76.9	3090	9.6
КБ Битола	**1466**	10.0	70.8	1507	13.2
КБ Тетово	**282**	9.7	71.1	737	7.5
ОБ Велес	**772**	5.5	72.7	1191	8.0
ОБ Струмица	**586**	7.5	77.1	761	7.8
ОБ Куманово	**637**	8.7	73.2	330	8.9
ОБ Прилеп	**2173**	11.3	73.7	1625	11.6
ОБ Кавадарци	**167**	6.4	78.0	–	–
ОБ Гостивар	**25**	8.3	82.3	–	–
УК Детска хир.	**159**	5.7	6.4	131	4.5
ВКУПНО	**44049**	**10.9**	**68.9**	**37031**	**10.1**

- Вкупните болнички денови во 2025 достигнуваат 44.049, пораст од +19,0% наспроти 37.031 во 2023.
- Просечниот болнички престој варира значително меѓу установите – од 5,5 денови (ОБ Велес) до 14,5 денови (УК ТОАРИЛУЦ). Ова укажува на различен профил на случаи и потреба за стандардизација на клиничките патеки.
- Просечната возраст на пациентите е стабилна на ~68–69 години низ сите установи.

5. ЛИСТА НА ЧЕКАЊЕ И ЗАЛИХА НА ПРОТЕЗИ ЗА КОЛК (МАЈ 2026)

Табелата ги обединува листите на чекање и состојбата на протезни залихи по установа. Податоците се прибрани по барање на ФЗО од 23.04.2026 со рок за одговор 24.04.2026, сумирани во мај 2026 година.

Установа	Листа (бр.)	Период на чекање	Залиха колкови	Активен договор	Забелешка
УК ТОАРИЛУЦ - Скопје	277	~18 месеци	103	Да (94 до јуни; тендер за 593 во тек)	Ограничен просторен кап. (сали);
ГОБ 8ми Септември - Скопје	300	н/п	н/п	Да (300 за 2026 г.)	Листа само за колкови; вкупна комб. листа (колк+колено+рамо) е ~700
СБ Св. Еразмо - Охрид	82	4–9 месеци	230 (40 искористени)	Да (до 24.03.2027, 270 вкупно)	
КБ Штип	28	3–6 недели	26	Да (до јули, 39 ком.)	Нова постапка мај 2025
ОБ Прилеп	17	н/п	4 (траума)	Делумно	Ортоп: 70 пр. до ~25.05; траума: до јуни
КБ Битола	6	н/п	0	Не	Жалбена постапка, ~2 мес., 75 протези
УК Хир.бол. Св.Наум - Скопје	0	–	н/п	н/п	Само трауматска хирургија; нема листа за ендопротеза
ОБ Куманово	н/п	~1 месец	15	Не (искористен)	Нов тендер ~27.04, 121 протеза, крај јуни
КБ Тетово	0	–	28	Не	Без распишан тендер; нема листа на чекање
ОБ Струмица	0	–	10	Да (останати 44)	–
ОБ Велес	0	–	0	Не (завршен)	Распишан мај, почеток јуни, 95 протези
ОБ Гостивар	0	–	5	Да (5 ком.)	Без нов тендер
ОБ Кавадарци	0	–	37 (кај добавувач)	Да (до јули)	–
УК Детска хир. - Скопје	н/а	н/а	н/а	н/а	Педијатриска установа
ВКУПНО позната листа за колкови	**659+**	**–**	**~464***	**–**	***Без УК Св.Наум и УК Детска хир. за залиха**

- УК ТОАРИЛУЦ: 277 пациенти на листа, чекање до 18 месеци. Ограничувачки фактор е просторниот капацитет (оперативни сали), не залихата. Тендер за 593 протези во тек, потпис очекуван јуни 2026.
- ГОБ 8ми Септември: 300 пациенти на листа за ендопротеза на колк; Вкупната комбинирана листа (колк, колено и рамо) изнесува ~700 лица.
- СБ Св. Еразмо - Охрид: 82 пациенти на листа (Мој Термин), чекање 4–9 месеци; 230 протези по договор до 24.03.2027 (40 веќе искористени). Снабдувањето е обезбедено до истекот на договорот.
- УК Хир.бол. Св. Наум: нема листа на чекање за ендопротеза – установата изведува исклучиво трауматска хирургија.
- КБ Битола, КБ Тетово, ОБ Велес и ОБ Куманово немаат активен договор за протези во мај 2026 – набавните постапки се во различна фаза на тек.

6. КОМПАРАЦИЈА СО ЗЕМЈИ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Стапката на артропластика на 100.000 жители е стандарден показател за пристапноста на здравствениот систем. **Споредбата е индикативна – регионалните DRG дефиниции варираат!**

Земја	Колк / 100.000	Колено / 100.000	Население (мил.)	Извор
Словенија	~210	~180	2,1	OECD/EHIS 2022
Хрватска	~140	~120	3,9	OECD 2022
Бугарија	~100	~85	6,5	NCPHA 2022
Србија	~90	~70	6,8	ИЈЗ Србија 2023
Македонија (2025)	**~184**	**~37**	**1,835**	**ФЗО – овој извештај**
Македонија (2023)	**~124**	**~29**	**1,835**	**ФЗО – овој извештај**
Романија	~55	~45	19,0	INSP 2022
Албанија	~30	~20	2,8	Проценка СЗО

- Колк: со ~184/100.000 (2025) за сите колк процедури, Македонија ги надминува Бугарија (~100), Србија (~90) и Романија (~55).
- Колено: ~37/100.000 (2025) – значително заостанување зад регионот (Хрватска ~120, Словенија ~180).
- Методолошка резерва: за прецизна компарација со другите земји се препорачува изолирање само на I03C (1.231 случаи = ~67/100.000 само за примарна ендопротеза без компликации).
-

7. ОЧЕКУВАНА ИНЦИДЕНЦИЈА И НЕИСПОЛНЕТА ПОТРЕБА

7.1 Епидемиолошка проценка

Меѓународните студии (GBD 2019, WHO) проценуваат дека тешка симптоматска остеоартроза – кандидати за ендопротеза – се јавува кај 3–5% од популацијата над 60 години. Во Македонија (~300.000–320.000 лица) тоа претставува 9.000–16.000 потенцијални кандидати за ендопротеза на колк.

7.2 Споредба со реализацијата во 2025

Индикатор	Проценка MIN	Проценка MAX	Реализирано 2025
Примарна ендопротеза на колк (I03C)	900	1.600	1.231 – над минималниот праг
Ревизија/Сложени на колк (I03A+B)	200	400	704 – над MAX (вклучува трауми)
Ендопротеза на колено (I04Z)	450	900	675 – во очекуваниот опсег
Трауматски процедури (I08A+B)	300	600	~1.500 – висок, одразува стареење
Вкупно ендопротетски (I03C+I03AB+I04Z)	**1.550**	**2.900**	**2.610 – во горниот опсег**

- Примарна ендопротеза I03C: со 1.231 случаи, Македонија го надминува минималниот праг (900). **Позитивен знак за пристапноста.**
- Ендопротеза на колено I04Z: 659 случаи е во очекуваниот опсег, но компаративно со регионот постои простор за зголемување 3–4 пати на среден рок.
- Трауматски I08A+B: висок број (~1.500+) ќе продолжи да расте со стареење на населението.

8. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

8.1 Главни наоди

- Позитивен тренд: +9,9% вкупни случаи (2023–2025); ендопротеза на колк (I03C) +17,8%; ендопротеза на колено (I04Z) +26,4%.
- Концентрација: Скопје и Охрид реализираат ~76% од волуменот; регионалните болници со скромен, но растечки удел.
- Листа на чекање за колкови: ТОАРИЛУЦ (277 пац., ~18 мес.), ГОБ 8ми Септември (300 пац.), СБ Св. Еразмо (82 пац., 4–9 мес.) – вкупно 659+ познати. Кај ТОАРИЛУЦ ограничувачки е просторниот капацитет, не протезите.

8.2 Препораки

- Отворање на оперативните блокови во Клинички центар и ГОБ 8ми Септември
- Развој на коленска артропластика: поддршка за зголемување на I04Z.
- Групна/рамковна набавка за управување на набавки и залихи наспроти листи на чекање и континуиран синџир на снабдување.
- Стандардизација на клиничките патеки: намалување на варијациите во просечниот болнички престој меѓу установите.
- Централизиран регистар на чекање со максимален рок за неитни интервенции (препорака: до 3 -6 месеци).

9. ИЗВОРИ

- ФЗО – извештај по DRG групи I03A/B/C, I04Z, I08A/B по ЈЗУ, 2023–2025
- Состојба на протезни залихи и листи на чекање: теренски информации по ЈЗУ, мај 2026
- OECD Health Statistics 2023; EHIS 2022; национални институти за јавно здравје на Србија, Бугарија, Романија
- GBD 2019 Study (Lancet); Woolf AD & Pfleger B. (2003). Burden of major musculoskeletal conditions. Bull WHO
- Државен завод за статистика – Проценка на население 2023